

# Син јазик

**Што е син јазик?**

Син јазик е вирусно заболување кај домашните и дивите преживари (овци, кози и говеда).
Луѓето не заболуваат.
Болеста во најтешка форма се јавува кај овците кај кои што предизвикува намалување на телесната тежина, нарушување во растот на волната и смрт.

Смртноста се движи од 2-30%.



**Како се пренесува?**

Синиот јазик се пренесува единствено преку каснување од инсекти (мушички) од видот *Culicoides*, во периодот на нивна активност (април-ноември), особено во топлите и влажни/дождливи периоди од годината.

Болеста не се пренесува од животно на животно, преку контакт, ниту преку консумација на млеко.

Болеста се јавува во подрачја каде што се присутни инсектите и каде што владеат поволни услови за нивно преживување во текот на зимата.

**Како да се препознае болеста/знаци на болеста?**

- Треска
- Крвен подлив и ранички во устата и носот
- Лигавење и исцедок од носот
- Оток на усните, јазикот и вилицата
- Кривење и отежнато движење
- Слабост, депресија и слабеење
- Пролив повраќање и пневмонија
- Абортус/пометнување
- Пореметување во растот на волната кај животните кои ќе ја прележат болеста што може да доведе до делумно или целосно паѓање на волната
- Сино обојување на јазикот (поретко се јавува)



***Доколку забележите некој од горенаведените симптоми веднаш пријавете кај Вашиот матичен ветеринар или кај ветеринарниот инспектор!***

**Како да се спречи појавата на син јазик**

***Контрола на инсектите***

- Отстранете ги местата погодни за размножување на инсектите: застојана вода во бари, буриња и слично
- Отстранете/исчистете ја органската материја со која се хранат инсектите во и околу објектите, трлата (ѓубре од животинско потекло, отпадоци од храна, друг вид на ѓубре
- Исчистете ги и извршете дезинсекција на просториите каде што се чуваат животните
- Поставете мрежи на отворите на шталите (влез, излез, прозорци и отвори за вентилација
- Поставете мамки/стапици за уништување на инсектите



***Контрола на животните***

- Затварајте ги животните во објектите во периодот кога инсектите се активни (самрак до зори)
- Употребувајте репеленти – средства кои се нанесуваат на животните за заштита од убоди од инсекти
- Одвојте ги болните животни од стадото
- Не ги продавајте и не ги преместувајте болните животни.


АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија**
**III Македонска бригада, бр. 20, 1000 Скопје**
**Тел: 2457 895 / Факс: 2457 893 / www.fva.gov.mk**